МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 195
Јануари 2026



Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

ISSN 1857-6710

Македонскиот и Романскиот воен оркестар со Предновогодишен концерт

Актуелни настани во НАТО

„Змејовски заби“ – Стоп за тенковите



# Македонскиот и Романскиот Предновогод

Припадниците на Оркестарот на Армијата, заедно со своите колеги од Воениот оркестар на Романија, под диригентските палки на потполковник Горан Илијевски и мајор Јон Каталин, во свечената сала на Македонската филхармонија го одржаа традиционалниот Предновогодишен концерт. Овој настан веќе претставува препознатлива музичка традиција која доби дополнителна вредност токму поради меѓународната соработка – спојување на два оркестри, две култури и две држави во едно заедничко уметничко доживување.

Овие комбинирани настапи не се само музички настани, тие се мостови на пријателство, разбирање и заемна поддршка. Воените оркестри, преку силата на музиката создаваат универзален јазик кој без зборови пренесува емоции, пораки и вредности. Тоа е јазик кој го надминува политичкото, културното и националното, оставајќи простор за човечност и заедништво.

Концертот започна со интонирање на државната химна, изведена пред преполната и возбудена публика, која со силни овации го поздрави почетокот на вечерта. Потоа следеше внимателно избрана програма составена од дела на повеќе светски композитори и народни композиции , обработени со прецизност и емоција, што уште еднаш ја демонстрира уметничката зрелост и професионалност на оркестрите.

Особено место во програмата имаа македонските народни песни, чија топлина и препознатлива мелодичност добија нова димензија преку оркестарската изведба. Публиката уживаше и во настапите на афирмираните вокални солисти – Огнен Здравковски, Сузана Спасовска, Полина Тасева и Дејан Николовски, чии интерпретации внесоа дополнителна емоција и сценска енергија, создавајќи моменти кои долго ќе се паметат.



# воен оркестар со величествен ишен концерт

Концертот свечено заврши со изведбата на нумерата „Нашата армија“, со која оркестрите уште еднаш ја потврдија својата подготвеност, достоинство и професионалност, стоејќи рамо до рамо со реномираните воени оркестри од Европа и светот. Тоа беше изведба што ја нагласи важноста на традицијата, одговорноста и мисијата што ја носи секој припадник на Армијата.

Овој традиционален музички спектакл, покрај претседателката и врховен командант на Вооружените сили Гордана Сиљановска-Давкова, го проследија и министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата генерал-мајор Сашко Лафчиски, министри во Владата, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, претставници на дипломатскиот и воено-дипломатскиот кор акредитирани во Република Северна Македонија, активни и пензионирани генерали на Армијата, припадници на Министерството за одбрана, Генералштабот и командите на Армијата и други гости. Нивната присутност му даде дополнителна тежина на настанот, симболизирајќи поддршка, почит и признание за работата на воените оркестри.

Соработката меѓу воените оркестри има длабока дипломатска и културна улога. Преку учество во различни мултилатерални активности тие создаваат настани кои истовремено се културни, протоколарни и воени, придонесувајќи кон изградба на доверба, размена на искуства и унапредување на меѓународните односи. Музиката станува средство за дијалог, симбол на мирот и потсетник дека културната соработка е моќна алатка за обединување.

Во оваа предновогодишна вечер, уметноста го кажа своето на најубав можен начин – возвишено, достоинствено и обединувачки. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот и
на web-страницата на
Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16



20

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 195 | јануари 2026

Инфо
**КомандантотнаНационалнатагарда на американската сојузна држава Вермонт во посета на нашата држава......** 6

Глобал
**Тероризмот како тест за австралиската безбедносна доктрина......** 13

Геополитика
**Миграцијата, неминовност или закана......** 16

Безбедност
**Цивилно-воени односи......** 20

Глобал
**Актуелни настани во НАТО (5)......** 22

Воена едукација
**Воената етика во современото војување (Втор дел)......** 26

Воена едукација
**Симулации за логистичка обука во воени операции......** 32

Вооружување
**„ РТ-91 Twardy“ ......** 35

Вооружување
**Повеќенаменски борбен авион „IOMAX Archangel“......** 40

Едукација
**Климатските промени и иднината на воениот полигон Криволак – Современипредизвициипотребаод адаптација......** 42

Историја
**Саможртвата на војводата Леонид Јанков......** 48

Здравство
**Историја на воената медицина......** 54

Филм
**„Сите тивко на Западниот фронт“** 58



42



54

## Почитувани вработени во Министерството за одбрана и Армијата

*Во овие празнични денови кога ја пречекуваме Новата година, дозволете ми во мое лично име и во името на Министерството за одбрана да ви упатам искрени честитки и најдобри желби.*
*Ви изразувам длабока благодарност за вашата посветеност, професионалност и одговорност во извршувањето на задачите кои се од суштинско значење за безбедноста и стабилноста на државата.*
*Новата година нека донесе уште поголем напредок, просперитет и успех во справувањето со предизвиците со кои се соочуваме како поединци и како држава.*
*На секому од вас ви посакувам мир и добро здравје .*

***Среќна и успешна Нова година!***

***Со почит,***
***Министер за одбрана***
***Владо Мисајловски***



„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk

borce.lozanovski@mod.gov.mk

stanka.petkova@mod.gov.mk






# СИМУЛАЦИИ ЗА ЛОГИСТИЧКА ОБУКА ВО ВОЕНИ ОПЕРАЦИИ

Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

## Вовед

Современите воени операции бараат многу повеќе од класична тактичка и борбена обука. Еден од најважните сегменти што го одредува успехот на секоја операција е логистиката: организирано снабдување со оружје, муниција, храна, гориво и медицинска поддршка. Сепак, воената логистика е исклучително комплексен систем кој е тешко да се извежба само преку теренски вежби, бидејќи тие се скапи, временски обемни и често ограничени поради безбедносни причини.

Логистичките симулации претставуваат клучен метод за обука и подготовка на воениот персонал. Преку ваквите симулации се создаваат виртуелни услови што реално ја реплицираат динамиката на борбеното поле, снабдувачки линии и сценарија за поддршка на единиците. Ваквиот пристап овозможува обука со значително помали трошоци, без ризик за животите на војниците, но со целосна можност навреме да се извежба донесувањето одлуки и управувањето со ресурсите. Еден пример за ваков систем е Системот за поддршка и одржување на командата (Battle Command Sustainment Support System – BCS3), кој обезбедува информации во реално време за логистичката состојба, транспортот и потребите на единиците. Овој систем (BCS3) овозможува визуелна претстава за движење на материјали, средства и опрема, со што на командантите им се дава можност да донесуваат информирани одлуки.

Дополнително, ваквите симулации ја зголемуваат и интероперабилноста меѓу различни воени структури. Тоа значи дека војниците и старешините од различни единици можат да вежбаат заедно, во заеднички сценарија, користејќи ги истите податоци и виртуелни услови. На тој начин, подготовката станува поефикасна, а целата организација добива подобра координација и подготвеност за реални мисии.

Со примена на логистичките симулации, Министерството за одбрана и Армијата можат да изградат систем кој ќе биде не само средство за обука, туку и инструмент за континуирано подобрување на ефикасноста и сигурноста во сите нивоа на командување и управување.

## Реалистична воена обука преку виртуелни технологии

Логистичките симулации се основен инструмент за современите воени сили, бидејќи создаваат услови за реална обука без директно изложување на ризик. Преку нив, војниците и старешините учат како да донесуваат брзи и ефикасни одлуки во динамична средина. Еден од најважните аспекти е интеграцијата на виртуелната реалност (Virtual Reality – VR) и компјутерски симулации во процесот на воена подготовка. Овие технологии овозможуваат обука за различни сценарија, од индивидуални задачи на војникот, па сè до комплексни операции на ниво на баталјон или бригада.

Во такви услови, обучувањето не е само механичко извежбување на тактички маневри, туку и

развивање на логистичка координација: како да се снабдуваат единиците со оружје, муниција и гориво, како да се управува со транспортните средства и како да се одржува техничката исправност на опремата.

биде „невидлива поддршка“ и станува активен дел од борбената стратегија.

На сликата се прикажани војници кои користат специјализирана опрема за виртуелна обука. Секој војник е поврзан со систем



*Слика бр.1 Виртуелна обука на војници со користење на симулациски системи*

Симулациите, исто така, имаат клучна улога во интеграцијата на командните системи кои обезбедуваат прецизна слика за моменталните ресурси, нивната дистрибуција и потребите на единиците. На овој начин логистиката престанува да

што ги следи неговите движења и реакции, со цел да се создаде реалистично искуство на борбено поле. Овој вид симулација е исклучително важен за подготовка на војниците во услови што се слични на реална средина, но без ризик за нивни-



*Слика бр.2 Командна поддршка преку компјутерски симулации*

от живот. Дополнително, системот овозможува интеграција на логистичка поддршка, како симулирано снабдување со муниција или медицинска помош.

Сликата го прикажува командниот персонал кој користи компјутерски симулации за следење на операции и управување со ресурси. Преку овие системи, офицерите добиваат навремени информации за расположливоста на средствата, позицијата на снабдувачките линии и приоритетните потреби на единиците. Овој пристап овозможува донесување на прецизни одлуки и ја зголемува ефикасноста во логистичката координација.

Ваквата комбинација на виртуелна обука на терен и командна анализа преку симулации создава интегриран модел на подготовка кој е ефикасен, сигурен и применлив за различни нивоа на командување.

## Карактеристиките на системот и придобивките од неговата примена

Современите симулациски системи за воена обука и логистика се карактеризираат со интеграција на виртуелна реалност, компјутерски симулации и командни „интерфејси“ и овозможуваат управување со ресурси во реално време. Клучна карактеристика е нивната способност да создадат средина што реално ги реплицира условите на борбено поле и снабдувачките линии. На тој начин персоналот добива можност да вежба сценарија кои инаку би биле тешко изводливи или финансиски премногу скапи.

Визуелизацијата на податоците и интеграцијата со командните центри овозможуваат постојана свесност за состојбата на ресурсите. Командантите можат веднаш да ја следат состојбата на транспортот, резервите и потребите на единиците, што овозможува побрзо донесување на одлуки и поефикасно распределување на средствата.

Од друга страна, придобивките од ваквите системи се повеќеслојни. Прво, тие значително ја зголемуваат ефикасноста на во-

ената обука бидејќи овозможуваат комбинирање на индивидуални и колективни вежби во контролирана и безбедна средина. Второ, со намалување на потребата од чести и скапи теренски вежби се остваруваат значителни заштеди на материјални средства и време. Трето, континуираното користење на овие симулации овозможува подобрување на борбената готовност, бидејќи персоналот е постојано изложен на сценарија што бараат анализа, приспособување и донесување прецизни одлуки. Со тоа, системите за симулација не се само дополнителна алатка, туку и стратешки инструмент кој ја зголемува ефикасноста, ја намалува потрошувачката на ресурси и ја зајакнува борбената способност на вооружените сили.

## Заклучок

Примената на логистички симулации во воената обука претставува значаен чекор кон модернизација на системот за подготовка и координација на вооружените сили. Овие системи овозможуваат создавање на реални сценарија, без потреба од скапи теренски вежби, со што се постигнува двоен ефект, заштеда на материјални средства и истовремено зголемување на оперативната ефикасност.

Симулациите обезбедуваат интегрирано управување со ресурсите и можност за донесување прецизни одлуки на командно ниво, што ја подобрува координацијата и ја зголемува борбената готовност. Со нивна примена, војниците и старешините се подготвуваат за динамични ситуации во контролирана средина, што овозможува сигурност и континуирана изведба на обуката.

Овој пристап не е само дополнителна алатка, туку и стратешка компонента која овозможува современ начин на обука и подготовка. На подолг рок, ваквиот систем ќе ја зајакне способноста на воените структури да реагираат брзо и ефикасно на сите предизвици и ќе обезбеди стабилна основа за успешни операции за во иднина. ■

Табела 1. Карактеристики и придобивки од примената на логистичките симулации

| Карактеристики на системот | Опис | Придобивки од примената |
|---|---|---|
| Виртуелна реалност (VR) | Користење на специјализирана опрема за симулација на реални борбени услови. | Реалистична обука без ризик за војниците; подобрување на индивидуалните и тимските вештини. |
| Компјутерски симулации | Системи кои овозможуваат управување со ресурси, транспорт и снабдување. | Брзо донесување на одлуки; поголема прецизност во координацијата на логистиката. |
| Интеграција со командни центри | Системите се поврзуваат со командната структура за следење на ресурси. | Подобра комуникација помеѓу тактичките единици и командното ниво; зголемена ефикасност. |
| Визуелизација на податоци | Прикажување на движењето на ресурси и снабдувачки линии во реално време. | Подобро планирање и предвидување на потребите на единиците. |
| Интероперабилност | Можност за користење од повеќе единици и сојузнички сили. | Заедничка обука и подобрена координација во мултинационални мисии. |
| Намалување на трошоците | Симулации кои заменуваат дел од скапата теренска обука. | Финансиска заштеда; можност за почеста и подолга обука. |
| Безбедносен аспект | Обука во контролирана средина, без ризик за персоналот и техниката. | Поголема сигурност при подготовка и намалување на човечки и материјални загуби. |





Томас Наст (1840–1902) е првиот уметник-илустратор кој придонел за
создавањето на модерниот имиџ на Дедо Мраз.